# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТОТ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА- СКОПЈЕ

Советот на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, на својата седница одржана на ден 1.2.2006 година, со одлука бр. 02-110/2, определи Рецензентска комисија за избор во научното звање, научен советник во областа на менаџментот на кандидатката д-р Мирјана Борота-Поповска, која се јави на конкурсот објавен во "Дневник" на 28.12.2005 година. Комисијата во состав: проф.д-р Јорде Јакимовски, проф д-р Цветко Смилевски и проф.д-р Тодор Кралев по прегледаната документација му го поднесува на Советот следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатката д-р Мирјана Борота -Поповска е родена на 30.6.1967 година во Скопје. Во 1991 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје ННГ за филозофија, со просечен успех 9.1. На постдипломски студии по кадровски менаџмент при Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања се запишала во октомври 1991 година. Магистерскиот труд "Деловната етика во организациите во периодот на транзиција во Република Македонија" со успех го одбранила во јули 1995 година, со просечен успех на студиите 10 и со тоа се здобива со академски степен магистер на кадровски менаџмент. Насловот на докторската дисертација "Менаџментот на промени и човечкиот потенцијал" пријавен во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, е прифатен како подобен во октомври 1997 година и одбранет во мај 1999 година.

Д-р Мирјана Борота Поповска во текот на својот професионален развој ги посетувала и со успех ги завршила следниве форми на специјалистичко образование/усовршување, што се релевантни за унапредување на приодот во наставата: специјалистичка програма за деловен менаџмент, на школата за менаџмент во Мaастрихт, Холандија (1992), на истата школа има посетувано Семинар за менаџмент на човечите ресурси, организациско однесување, стратегиски менаџмент (1998). Има посетувано Семинар за обука на обучувачи во врска со проблемите на јавната администрација во локалните јавни служби (1997), организиран од Холандската асоцијација на општините. Семинар за креирање курикулуми за стратегиски менаџмент на човечки ресурси, реализиран во Curriculum Resource Centar, Будимпешта (1999). Во Bled School of Management, Словенија, има посетувано семинар за млади менаџери (2001). Семинар за самоевалуација на високообразовните установи во Република Македонија, научна работилница, во рамките на проектот

"Евалуација на високообразовните установи во РМ" (2002). Семинар за обука на обучувачи за зајакнување на единиците на локалната самоуправа во Македонија, (2003), УНДП. Семинар за зајакнување на интернационализацијата и вмрежувањето, организиран од Institute of International Education, Солун, Грција (2003).

Исто така била добитник на три угледни меѓународни стипендии: ТЕМПУС - стипендија за индивидуална мобилност (1998), HESP Mobility Grant (2002) ЈФДП (Junior Fellowship Development Program) од Владата на САД (2004).

Од 1.6.1993 година кандидатката е вработена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.
Во соработничкото звање асистент е избрана во декември 1995 година, а во јули 1999 година е избрана во звањето научен соработник-еквивалент на доцент, во февруари 2003 година во звањето виш научен соработник-еквивалент на вонреден професор.

Од 1999 година го раководи Центарот за развој на менаџмент и човечки ресурси при Институтот, каде што ја реализира научноистражувачката дејност. Како заменик - претседател на Советот на Институтот е избрана во 2004 година. Од 2005 година е назначена на местото раководител на постдипломските студии по менаџмент на човечки ресурси.
Од 2002 година е претседател на Самоевалуационата комисија на Институтот.

Активно го владее англискиот јазик и пасивно германскиот јазик.

Области на професионален (научноистражувачки) интерес на д-р Мирјана Борота Поповска се менаџмент на човечки ресурси, стратегиски менаџмент, стратегиски менаџмент на човечки ресурси, организациско однесување, менаџмент на промени, деловна етика.

**Учество на научни проекти**

Во текот на изминатите години кандидатката има учествувано во повеќе проекти и научноистражувачки активности во и надвор од Институтот. За периодот по изборот во виш научен соработник, во рамките на редовните работни обврски д-р Мирјана Борота - Поповска била ангажирана на множество научноистражувачки проекти, главно во областа на организациските науки и управување (менаџмент), како во приватниот сектор, така и во јавниот сектор, особено за менаџментот во централната и локалната власт. Во рамките на овие проекти учествувала во сите истражувачки фази: изработка на скица, истражувачки инструментариум, емпириска реализација на истражувањата (анкета, интервју, анализа на содржина, тренинг и сл.), изработка на план за логична и формална контрола, кодекс, обработка на податоци во SPSS - статистичка програма, како и интерпретација на истражувачките податоци во истражувачки извештаи и студии. Како позначајни можат да се издвојат:

- "Менаџментот во македонското деловно опкружување", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, (2000-2002) (раководител на проект);
- "Creation Curricula for Short Management Courses Originated from Business Education needs in Enterprizes", поддржано од HESP Mobility Grant (2002), (раководител на проект);
- "Зајакнување на административните капацитетити на државната администрација" (2001-2006) ИСППИ, Агенција за државни службеници и француската Амбасада (педагошки координатор на проектниот дел за административни капацитети);
- "Брза процена за потребите за обука на наставниците во основно и средно образование во Република Македонија" (2003), Министерство за образование и наука , Светска банка, (раководител на проект);
- "Зајакнување на капацитетот на КУД и НВО" (2004) Министерство за култура, ОБСЕ(кораководител на проект);
- "Утврдување на потребите за обука на државните службеници во единиците на локалната самоуправа" (2005) УНДП, (кораководител на проект);
- "Капацитетот на менаџментот и човечките ресурси во единиците на локалната самоуправа" (2003-2006) ИСППИ, Министерство за образование и наука(раководител на проект),
- „Ефикасни менаџмент стратегии во културата", (2006), ИСППИ, Министерство за култура(раководител на проект);
- „Влијание на интернационализација врз менаџментот и претприемништвото во Република Македонија", Економски институт, (2001-2003), (истражувач и член на тимот);
- "Зајакнување на единиците на локалната самоуправа во Македонија преку зајакнување на капацитетите, транспарентноста и финансиската отчетност" (2003) УНДП, ИСППИ, Економски институт, Агенција за државни службеници, (истражувач и член на тимот);
- „Менаџмент на културните разлики - нов пристап кон социјалните трансформации во Република Македонија" (2003-2004) Економски институт, Министерство за култура, УНЕСЦО, (истражувач и член на тимот);
- „Унапредување на граѓанската партиципација во културната политика", (2004), Здружение за социоекономски развој, Скопје, (истражувач и член на тимот);
- „Процесот на децентрализација и унапредување на менаџментот во културните установи", (2005), Министерство за култура, (истражувач и член на тимот);
- „Менаџмент на човечките ресурси и економскиот развој", (2004-2006), Економски институт. (истражувач и член на тимот).

**Научни и стручни трудови**

Позначајни научни и стручни трудови во периодот по изборот во виш научен соработник се :

-„Современи пристапи во менаџментот", Економски развој, Год.4 Бр.2-3, Економски институт-Скопје, 2002, стр.189-205 (во коавторство);

- „Организациско комуницирање-ефикасен инструмент за деловен развој", Списание на Економскиот институт-Скопје: Економски развој, Год.5 Бр.1-2-3, Економски институт-Скопје, 2003, стр.101-115 (во коавторство);

-„Жените како вработени и менаџери" Економски развој, Год.6 Бр.1-2-3, Економски институт-Скопје, 2004, стр.87-102 (во коавторство);

- „Партиципација на жените во работната сила", Збирка на трудови: Социјалната положба на населението во Република Македонија, издавач: фондација „Фридрих Еберт„ , Скопје, 2003, стр.286-299;

- „Вклучување на граѓаните во донесувањето на стратешките одлуки, неопходна претпоставка за ефикасноста на единиците на локалната самоуправа", издавач : The association of intelectuals „democratic club", Скопје, 2004, стр.118-124;

-„Современи менаџмент- приоди за унапредување на регионална соработка", Збирка на трудови: Регионална соработка и економски развој, Издавач Економски факултет-Прилеп, 2004. стр 30;

-"Теориски претпоставки на стратегискиот менаџмент на човечки ресурси" , годишник на ИСППИ, Скопје, 2005, стр.251-265;

- „Стратегискиот менаџмент на човечки ресурси неопходен предуслов за институционален развој" Збирка на трудови: Предизвиците на новата економија, Економски факултет-Прилеп, 2005. стр 89;

- "Вештини на деловно комуницирање", прирачник од програмата за обука на државни службеници, (во коавторство), Агенција за државни службеници, 2005;
- "Менаџмент на состаноци" прирачници од програмата за обука на државни службеници, Агенција за државни службеници, 2005;
- "Менаџмент на човечки ресурси"", прирачници од програмата за обука на државни службеници, (во коавторство), Агенција за државни службеници, 2005;
- „Менаџмент на човечки ресурси за општинските секретари", прирачник за обука на општинските секретари во рамки на проектот на УНДП, „Поддршка на системот за обука на администрацијата во РМ", финансиран од Владата на Норвешка, во партнерство со Министерство за локална самоуправа, Агенција за државни службеници, ЗЕЛС, Скопје,2005;
- `Papid beneficary assesment for the basic and secondary education and teachers training"(истражувачка студија) во рамки на Education Modernization Project in Macedonia, Ministry of Education and Science, 2003;
- "Проценка на потребите за обука на КУД и НВО" (истражувачка студија), Министерство за култура, ОБСЕ, Скопје,2004;
- „Процена на потребите за обука на државните службеници во единиците на локалната самоуправа" (истражувачка студија) во рамки на проектот на

УНДП, „Поддршка на системот за обука на администрацијата во РМ", финансиран од Владата на Норвешка, во партнерство со Министерство за локална самоуправа, Агенција за државни службеници, ЗЕЛС, Скопје,2005;
- "Менаџментот во македонското деловно опкружување" (истражувачка студија), издавач ИСППИ, Скопје, 2006;
- „Мислењето на граѓаните за процесот на децентрализација", (истражувачка студија), издавач: фондација„Фридрих Еберт", Скопје, 2006;
- "Деловна етика", Де Гама, Скопје, 2004 ( книга);
- "Стратегиски менаџмент на човечките потенцијали" рецензирана книга во фаза на издавање.

**Учество на меѓународни научни собири со реферат**

Во периодот по изборот во виш научен соработник кандидатката учествувала на голем број научни собири и конференции со сопствен реферат, меѓу кои како позначајни можат да се наведат:
- Меѓународна конференција: "Ethical Dimensions of Corporate Governance", 21-22 Јун, 2002,Познан, Полска, организирано од страна на European Business Ethics Network;
- Меѓународна конференција: "ECONOMIC FORUM Sofia, Bulgaria: Economic Transfrontier Co-operation in the Niš-Sofia-Skopje Triangle", Софија, 2002;
- Меѓународна конференција: "International conference of experimental learning"2-5 Јули, 2003 Љубљана Словенија;
- Меѓународна конференција: Regional Cooperation and Economic development,

Организатор: Економски факултет Прилеп, Универзитет "СВ. Климент Охридски" Битола, Прилеп 20-21јуни 2003
Реферат: Современи менаџмент- приоди за унапредување на регионалната соработка;
-Меѓународна конференција : "Skills Development for Employability and Citizenship: The Shouth East European Experience within a Global Context"
Организатор: UNESCO, ETF, ILO, Austrian Ministry of Education, Science and Culture, in UNDP Centre Vienna, 21-24 Noemvri 2004
Реферат: Catalyzing Change and Learning During Transition;
-Меѓународна конференција: "Евроатлантските интеграциони процеси и Република Македонија" -економски трансформации и децентрализација, организатор: Центар за истражување во јавна администрација и Центар за развој на бизнисот , ЈИЕ, Тетово; фондација „Фридрих Еберт", Здружение на интелектуалци -Демократски клуб; 4.јуни,2005 ЈИЕ Тетово
Реферат: „Децентрализацијата во Република Македонија како процес за приближување кон ЕУ- Предизвици на новиот општински менаџмент"
http://www.fes.org.mk/pdf/Mirjana%20Popovska%20Borota%20
-Меѓународна конференција: Democratic governance for the XXI Century: Challenges and Responses in CEE Countries, The 13th NISPAcee Annual Conference 19-21 Maj 2005
Реферат: Evaluation of module for administrative management;

-Меѓународна конференција: Предизвиците на новата економија -The Challenges of the New Economy
Економски факултет Прилеп, Универзитет "СВ. Климент Охридски", Битола 14-16 октомври 2005
Реферат: Стратегискиот менаџмент на човечки ресурси, неопходен предуслов за институционален развој.

**Консултативно - експертски активности**
Во текот на 2003-2004 година е консултант на`Проектот за унапредување на образованието", Министерство за образование и наука , Светска банка. Од 2005 година е консултант за обука при "Единица за поддршка на системот за обука на администрацијата во локалната самоуправа" УНДП. Во Билтенот што го издава Единицата за поддршка на системот за обука на администрацијата во локалната самоуправа, д-р Мирјана Борота Поповска одговара и дава експертско мислење на прашањата поставени од државните службеници во општините низ Македонија.

**Наставна дејност**
-Постдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси при ИСППИ Предмет: Стратегиски менаџмент; Стратегиски менаџмент на човечки ресурси: Професионален и кариерен развој. Дел од предметот: методологија
-Постдипломски студии -МБА, при Економски факултет , Прилеп, Универзитет"Св.Килимент Охридски". Предмет: Организациско однесување и управување со стратегиски промени
-Постдипломски студии "Деловно право", при Правен Факултет, Скопје.Дел од предмет: Основи на маркетингот, финансискиот, стратегискиот и кадровскиот менаџмент
-Проект: Обука на новоизбрани општински секретари (2005-2006)
УНДП, ИСППИ, Предмет: Стратегиски менаџмент на човечки ресурси

За потребите на наставата по предметите стратегиски менаџмент; стратегиски менаџмент на човечки ресурси; професионален и кариерен развој и дел од предметот методологија, има изработено интерна скрипта од предавања и скрипта од вежби. Во рамките на постдипломските студии по менаџмент на човечки ресурси го одржува семинарот за деловна етика.

Кандидатката има остварено повеќе тренинг- програми од различни области во менаџментот, како што се: деловно комуницирање, градење и менаџмент на тим, менаџерски вештини, стратегиски менаџмент, како во приватниот така и во секторот на централна и локална власт, како и во невладиниот сектор.
Во рамките на постдипломските студии на менаџмент на човечки ресурси кандидатката била ментор на 9 кандидати во изработка на специјалистички и магистерски трудови и учествувала на повеќе од 20 комисии за одбрана на специјалистички и магистерски трудови. Во моментот е ментор на еден докторанд чиј труд е во завршна фаза.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на научно-предметната насоченост и вкупната активност и постигнување во доменот на научноистражувачката работа, како и на ниво на нејзината професионалана оформеност и насоченост кон примена и проверка на теориските знаења во практиката, Рецезентската комисија му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Мирјана Борота Поповска да биде избрана во научното звање НАУЧЕН СОВЕТНИК.

Скопје
23.2.2006

Рецензентска комисија

Проф. д-р Јорде Јакимовски, с.р

Проф. д-р Цветко Смилевски, с.р

Проф. д-р Тодор Кралев, с.р